Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа /„Службен весник на РМ“ бр. 5/02/ и член 43 став 1 точка 9 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар“бр.3/02; 4/05 и 7/09/ Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 14.03.2014 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

## За усвојување на Извештајот за работа на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за 2013 година

1.СЕ УСВОЈУВА на Извештајот за работа на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за 2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.07-253/9**
**14.03.2014 година**
**Демир Хисар**

**Совет на Општина Демир Хисар**
**Претседател**
**Јосиф Ристевски**

*ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ*
*„К О М У Н А Л Е Ц„*
*ДЕМИР ХИСАР*

# <u>И З В Е Ш Т А Ј</u>

**За**
**РАБОТА НА ЈКП „ КОМУНАЛЕЦ„ ЗА 2013 ГОД.**

**Јануари 2014 год.**
**Демир Хисар**

**Изработува**
**ЈКП „ Комуналец„**
**Демир Хисар**

# И З В Е Ш Т А Ј
## за работата на ЈКП Комуналец Демир Хисар за 2013 година

ЈКП Комуналец Демир Хисар во тековната 2013 година успешно ги реализираше обврските произлезени од Програмата за работа, насоките од Управниот одбор и Советот на општина Демир Хисар

Активностите на ЈКП Комуналец од Демир Хисар , во тековната 2013 година се изведувани согласно Законот за комунални дејности , Законот за води , Законот за одведување на води , Законото за подигање и одведување на комунален смет , основите и задачите утврдени во Статутот на ЈКП Комуналец и другите акти , според потребите и интересите на локалната самоуправа Демир Хисар како основач и комуналните корисници за што поуспешно и поефикасно работење во заеднички повеќестран интерес.

ЈКП Комуналец е основано за вршење на стопанска дејност од комунална област од јавен интерес а кој е незаменлив услов за животот и работата на граѓаните на општината Демир Хисар и е единствено претпријатие од ваков вид и дејност на подрачјето.

Комуналните активности се едни од најважните одговорности на локално ниво и директно и индиректно даваат импут на економскиот развој , благосостојба на домаќинствата и одржливост на околината.

Сложените услови на стопанисување во денови на светска економска криза и рецесија особено неликвидноста и опаднатата финансиска моќ на граѓаните директно се реперкуира врз работењето односно врз наплатата и побарувањата.

ЈКП Комуналец Демир Хисар во рамките на својот делокруг на работење ги врши следните основните дејности , утврдени со Статутот:

- Собирање , обработка и снабдување со вода
- одведување на отпадни води
- изнесување и депонирање на куќен и дворен смет,
- други услужни дејности
- погребални и слични активности
- уредување и одржување на паркови и зелени и површини
- изградба на хидроградежни објекти
- други неспомнати дејности.

Финансирањето на комуналните дејности за индивидуалните услуги се врши исклучиво преку цената што се наплатува од корисниците за комуналните услуги.

Покрај основните функции ЈКП Комуналец врши и дополнителни активности од типот на изградба на водоводна и канализациона мрежа, изградба на нискоградба , резервоари и слично , бидејќи од основните функции не се задоволуваат основните трошоци на претпријатието.

Организационата поставност на претпријатието се состои од:

1. Директор
2. Технички директор
3. Служба за заеднички работи
4. Служба за одржување на водоводна и канализациона мрежа
5. Служба за комунална хигиена , пазари и зеленило.

За успешно извршување на поставените задачи ЈКП „ Комуналец„ располага со следната кадровска структура:

1. ВСС - 2
2. ВШС - 3
3. ССС - 19
4. КВ - 1
5. ПКВ - 1
6. НКВ - 5

---

ВКУПНО : 31 вработен

Во текот на годината се јавува потреба за дополнително ангажирање на работна сила , чиј број завоси од обемот на работа, конкретно во тековната година времено е ангажирано едно лице во летниот период.

Покрај планираните активности во Програмата за 2013 год. во соработка на локалната самоуправа се изврши и нејзино дополнување со други активности кои се наметнаа како актуелни за разрешување на проблеми од комуналната свера.

За работењето на ЈКП Комуналец значајни беа активностите на Управниот Одбор на чии седници беа донесени Одлуки кои се однесуваат на работата на претпријатието:

- Програма за работа
- Извештај за работа
- План за јавни набавки
- Промена на Правилникот за Систематизација
- Други тековни акти потребни за непречено функционирање на Јавното Комунално Претпријатие

Меѓу поважните прашања и проблеми кои беа разгледувани и по кои беше расправано главно доминираа темите од интерес за развојот и унапредување на комуналните услуги што им ги нудиме и даваме на физичките и правните лица односно корисници.

Финансирањето на комуналните дејности е проблем присутен години наназад , како во областа на јавната комунална потрошувачка, така и на индивидуалната комунална потрошувачка што сериозно се одразува на развојот на овие дејности и на нивното успешно и квалитетно извршување.

Посебен хендикеп за нормално работење на ЈКП Комуналец е :

- Намален број на корисници на наши комунални услуги, и тоа претежно во правен , а со одреден процент и во физичкиот сектор особено во летен период .
- Намалена потрошувачка на вода
- Висока цена на електричната енергија со што се зголемува цената на производството на м3 вода,
- високи цени на нафтени деривати

## 1.СОБИРАЊЕ, ОБРАБОТКА И СНАБДУВАЊЕ СО ВОДА

Како една од основните дејности на ЈКП Комуналец е редовно , непрекинато и квалитетно да ги водоснабдува од централниот водоснабдителен систем корисниците на Демир Хисар, с. Слепче, Кутретино с. Суводол, руралните водоводи воПрибилци и Журче со хигиенско -бактериолошка исправна вода за пиење.

Наша должност е да се обезбеди доволен квалитет на вода за јавно снабдување , да се обезбедат доволни количини со соодветен квалитет за разни комерцијални цели и конечно да се заштитат луѓето и материјалните добра од несакани можни ефекти на водата, бидејќи трендот за пораст на потреби на вода е се понагласен.

Поради неповолната економско финансиска положба, проблемите со наплатата на услугите, зголемени трошоци во одржувањето и максимизираните цени на водата, се трудиме да ја обезбедиме самоодржливоста на претпријатито и со големи напори извршуваме тековно одржување на системот за водоснабдување и водоводната мрежа.

Како фактори кои влијаеја на нормалното работење на претпријатието се :

- Целосната амортизираност на пумпните постројки во бунарите и препумпната станица , каде имавме доста дефекти и вложувавме доста финансиски средства за да можеме тековно да ја извршуваме ова дејност.

- Високо учество на електричната енергија во производството и дистрибуција на вода. Со најновото поскапување на индустриската електрична енергија дополнително беше оптеретена цената на водата и се доведува во прашање рентабилноста на претпријатието.

- Загубите на вода сфатени како однос спрема измерената вода на водомерите на потрошувачката и испорачаната вода изнесува над 40 % поради чести дефеци на застарената градска нереконструирана водоводна мрежа, која до Мај 2013 се реконструира, што донекаде влијаеше на стабилизација на водоводниот систем, во смисла на помали дефекти и застои во водоснабдителниот сиситем.

Здравствената исправност на водата за пиење редовно беше контролирана од ЈЗУ Центар за Јавно Здравје - Битола спрема постојаните прописи и закони. Извршени се вкупно 24 анализи ( мала физичка и хемиска анализа и бактериолошка анализа ) и од страна на Центарот за јавно здравје Скопје редовна пролетна и есенска сеопфатна анализа на исправност на водата за пиење се констатира дека со редовното хлорирање на водата, водата може да се употребува за пиење.

***Физички обем на вода во 2013 год. во однос на 2012 год. во м3.***

| **корисници** | **претходна год.** | **тековна год.** | **процент** |
|---|---|---|---|
| | **2012 год.** м3 | **2013 год.** м3 | % **м3** |
| ***Индивидуални корисници:*** | ***204 148*** | ***199430*** | ***- 2.31 % (- 4718 )*** |
| *Демир Хисар* | *122877* | *117899* | *- 4.00 % (-4978)* |
| *с. Слепче* | *30054* | *35495* | +18.1 % ( + 5441) |
| *с.Суводол, сКутретино* | *32338* | *28052* | *-13.2% (-4286 )* |
| *Журче,* | 9146 | 9015 | -1.43% (-131 ) |
| *Прибилци* | 9733 | 8969 | -7.85% ( -764) |
| ***Правни лица*** | ***87100*** | ***122645*** | ***+40.80 % (+35545 )*** |
| **ВКУПНО :** | 291248 | 322079 | + 10.58% ( + 30831 ) |

Од табеларниот приказ за дистрибуирана и фактурирана вода кон корисниците може да се заклучат одредени трендови на потрошувачка на вода на потрошувачката и тоа во два сегменти :

1. Намалена потрошувачка на вода кај физички лица за 2.31% и што е резултат на зголемената контрола од страна на стручните служби во ЈКП Комуналец и намлување на бројот на корисници ( жители ) во населените места и зголемена потрошувачка кај правните субјекти што се должи дел на зголемен број на правни лица дел на извршената реконструкција на водоводната мрежа каде на површина излегоа одредени аномалии во смисла на нефактурирана вода И непотребни загуби во мрежа.
2. Односот на потрошена вода помеѓу физички лица каде индивидуалните корисници учествувале со 62% , а правните лица со 38% , во вкупната потрошувачка на вода го покажува негативниот тренд во последните пет години, а најповеќе во минатата година бидејќи во поранешните периоди, секогаш односот бил во прилог на правните лица што е и основен предуслов за позитивно финансиско работење во јавни комунални претпријатија па аналогно на тоа и дефиниција за работа во ЈКП ,, Комуналец,, Демир Хисар.

Во рамките на дејноста водоснабдување нашето претпријатие врши и редовно одржување на системот за водоснабдување и дава и други услуги на корисниците на услугата во текот на 2013 год.

Нашето претпријатие ги има извршено следните работи од тековно одржување:

- интервенции на дефекти на водоводна мрежа и на приклучоци 107 пати и тоа за следните видови :
- по налог......................................................................................57 пати
- градска мрежа...............................................................................21 пати
- промена на водомери......................................................................5 пати
- нови приклучоци..........................................................................3 корис.
- замена на механизми за водомери ...............................................21 пар.
- редовно перење и дезинфецирање на резервоар и препумпна станица
- редовно одржување на пумпните постројки во бунари и препумпна станица.
- редовно одржување на објектите од водоснабдителниот систем.

Можеме да се пофалиме дека во мај 2013 година се заврши со реконструкција на водоводната азбест цементна мрежа и денес водоводниот систем е еден од ретките системи во државата кои немаат цевки од овој материјал што во значителна мера влијае на квалитетот и квантитетот на дистрибуираната вода

Во 2013 год. конечно се разреши проблемот со недостаток на вода во населено место с. Суводол, од причина што е извршена реконструкција на азбестната мрежа на ул. „ Битолска„ и се овозможи поголем проток и притисок на вода до тоа населено место.

Во 2013 година ЈКП Комуналец изработи Основен Проект за реконструкција на пумпни постројки во бунари и препумпна станца , што е основен предуслов за аплицирање и добивање средства за реконструкција

Голем проблем е застарената водоводна мрежа во с. Слепче особено руинираниот резервоар, и потребата од целосна реконструкција на Слепечкиот водоводен систем бидејќи и од табелата евидентна е загубата на вода од објективна особено субјективна природа бидејќи резервоарот е водопропустлив не е постои можност да ја задржува резервта вода која се пумпа до него така дел од населението кое се водоснабдува од него во летниот период има проблем со редовно водоснабдување во одредени периоди од денот .

Во текот на 2013 година редовно се одржуваа и руралните водоводните системи н.м. Прибилци и Журче, и се докажа дека само јавно претпијатие може домаќински да стопанисува со водоводи и овозможи перманентно водоснабдување

Но иако одвоена е значителна сума за санација на примарната водоводна мрежа и куќните приклучоци , во Прибилци конкретно набавена и монтирана е нова пумпа, финансиските показатели за овај период се на работ на позитивна нула. Честите дефекти на бунарските постројки и дотраените пумпни станици дополнително ја усложнуваат состојбата.

За руралните водоводи излегува на виделина фактот дека самоодржливост на сопствен водовод на мало населено место е скапа работа , и билансот за 2013 година ќе покаже дека ќе биде потребна корекција на цената за да може да опстојува системот

И на крај сакаме да напомениме една важна негативна појава во 2013 година , која мораме да ја разрешиме во интерсе на сите наши корисници

Имено, евидентна е енормно зголемената потрошувачка на вода во месеците Јуни, Јули , Август и Септември која е предизвикана од недомаќинско користење на водата .

Голем дел од физичките лица не водат сметка за количината на потрошена вода под изговор дека за услугата плаќаат

Не постои водоводен систем кој е проектиран да задоволува наводнување на мини домашни градини и со такво недомаќинско користење на водата се доведуваат во опасност другите корисници .

Затоа многу јавни претпријатија во републиката ја воведоа законската мерка степенување на цената , за да може да се дестимулираат одделни граѓани во недомаќинското трошење на истата.

Исто така наша должност е да обезбедуваме услови и изнаоѓаме мерки за нормално водоснабдување на населението и правните субјекти и цениме дека во 2014 година и ние треба да ја применуваме таа мерка .

## 2.ОДВЕДУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ

Одведувањето и пречистувањето на отпадните води има големо значење за заштита на животната средина.

Во текот на 2013 год. главно ги извршуваме тековните работи за правилно функционирање на градската канализациона мрежа и тоа се:

- редовни месечни прегледи на уличните ревизиони шахти
- чистење на ревизиони шахти
- чистење на улични сливници
- замена на оштетени метални капаци на ревизиони шахти.
- дератизација и дезинфекција на целокупната канализациона мрежа извршена од ЈЗУ Центар за Јавно Здравје - Битола.

Во текот на 2013 год. фактурирани се : 117.183 м3 на индивидуални и 63.361 м3 на правни лица.

Забележано е дека дел од комуналните кориници доста несовесно се однесуваат спрема канализационата мрежа со што испуштаат разни земјоделски и друг вид на смет во ревизионите канализациони шахти.

Голем проблем се појавува и од непостоењето на атмосферска канализациона мрежа па во услови на обилни врнежи поради постоење на нелегални поврзувања на атмосверската вода во примарната канализавиона мрежа доа до презаситување на системот и во најниските делови плавење на одделни објекти.

Повеќе години station наназад сигнализиран е проблемот за постоење на еден крак на канализациона мрежа со кој никој не стопанисува и е жариште на чести дефекти можни несакани последици. во тек сме на преговори за превземање на одржување и стопанисување си истата бидејќи само овластена и регистрирана институција може да располага и стопанисува со канализационата мрежа.

Нашите залагања за изработка на техничка документација за изградба на колекторски систем за отпадни води и пречистителна станица со кој отпадните води на оптимален начин ќе се префрлат , пречистат, и испуштат во Стара и оттука во речниот слив Црна река во текот на 2013 година вродија со плод и изнајдени се финансиски средства за финансирање на техничка документација за проект, па се надеваме дека во најскоро време по изработка на истиот ќе се изнајдат финансиски средства за реализација на истиот.

## 3. ИЗНЕСУВАЊЕ И ДЕПОНИРАЊЕ НА СМЕТ

Оваа комунална дејност која е предуслов за добри хигиенски услови и заштита на животната средина, ја извршуваме само во Демир Хисар и с. Мургашево со специјално возило специјално возило за смет, марка „ **IVEKO„** со носивост на 11м3 смет, набавено во 2011 година без застои и проблеми кои беа карактеристика во минатиот период .

Подигањето и транспортирањето на сметот се врши еднаш неделно по однапред утврден редослед на подигање по улици.

За извршување на оваа дејност се соочивме со следните проблеми:

- недоволен број на садови за смет и разновидност по видови, и заради тоа ЈКП Комуналец изврши набавка на 80 канти за смет од 120 литри и по поволни услови на 12 месечни рати ги продаваше на корисниците
- непочитување на комуналниот ред во Општина Демир Хисар.

Во тековната година сметот го транспортираме на времена депонија Крагуево, во близина на Демир Хисар.

Сега веќе се створени предуслови за подигање на смет и од неколку приградски населби( Суводол, Кутретино и Слепче), кои имаат недоволен интерес и желба кај нив да се обавува подигање на сметот и за што во тек се носат потребните правни нормативи и акти од страна на Советот на општината и Управниот одбор на ЈКП Комуналец за да се започне со конкрено подигање и депонирање на сметот во овие населени места.

Меѓутоа и покрај сите наши и напори од Управниот одбор и Советот на Општина Демир Хисар , евидентна е потребата да на терен се изврши дополнително појаснување за воведување на ова услуга , бидејќи кај граѓаните не постои развиена еколошка свест за заштита на здрава и чиста животна средина и единствено факторот на чинење на услугата е предуслов за евентуална соработка на ова поле.

## 4. ПОГРЕБАЛНА ДЕЈНОСТ

Погребалните услуги во тековната година ги извршуваме само за корисниците на комунални услуги кои имаат доброволно потпишани изјави за солидарен погреб и редовно ги подмируваат сметките за вода за комунални услуги, на кои со одлука на управниот одбор им исплаќаме по 7.000 денари при случај на смрт во нивните семејства односно , вршиме обесштетување за нивното доброволно учество во поранешниот солидарен фонд, бидејќИ согласно законските регулативи повеќе не е дозволено ново зачленување .

Од вкупниот број на индивидуални корисници до крајот на 2013 година има само 282 изјави за солидарен погреб и повеќе не се склучуваат договори за солидарен погреб.

Од 01 Јули 2011 година согласно изменетите законски регулативи , ЈКП Комуналец престана да ја обавува дејноста Оператор на погребални услуги

Со одлука на Управниот одбор и Советот на Општина Демир Хисар пристапи кон превземање на Градските гробишта и Управување на истите согласно позитивните законски регулативи.

За таа цел превземени се низа активности :

- Изработен е катастар на градски гробишта ,
- Започнато е со воведување на евиденција на погребни места со отворање на евиденциона книга ,
- Поставени се мали канти, корпи и контејнери за смет
- Редовно се врши косење, метење чистење и уредување на градските гробишта
- Издадени се 11 дозволи за погреб
- Уредени се 11 плоштадки на гробни места ,
- Не се продадени резервации на гробни места , бидејќИ со измените на Законот за гробишта забрането е резервирање на гробни места
- На располагање има 17 гробни места

## 5. ОДРЖУВАЊЕ НА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО

Одржувањето на паркови и зеленило се одвиваше согласно Годишната програма за вршење на работите на одржување на јавната чистота на Општина Демир Хисар и во зависност од годишните времиња и расположивите финансиски средства извршувавме активности со цел да градот личи на чиста , модерна и уредна урбана средина.

Почнувајќи од пролетта во континуитет се вршеше:

- пролетно копање и режење на цветен дел
- засадување на зимзелени и листопадни дрва
- чистење на јавни површини , тротоари и улици
- одржување на јавно зеленило
- повеќекратно косење на градскиот парк , тротоари, парк пред и околу административната зграда на Општината, фудбалското игралиште, каналите по улиците: Маршал Тито, 1ви Мај, простор пред Здравствен Дом , Мургашево и сл.
- Во повеќе наврати се очистија мини депонии во Општината И во неколку населени места , но за жал веднаш потоа повторно несовесните граѓани продолжија со фрлање насмет на истите..

Сите активности се заснивaат од потребата на луѓето да живеат во пејсажно обликувани и хортикултурно уреден простор со цел да се овозможи здрав, удобен и хуман живот.

## 6. ДРУГИ ТЕКОВНИ АКТИВНОСТИ

Во 2013 година ЈКП Комуналец Демир Хисар, вложи средства со цел поквалитетно давање на услуги кон граѓаните и перманентно обавување на основната дејност.

-Набавка на нови гуми за катерпилар
-Винкловање на мотори за пумпа во П.С. Мургашево и Граиште
-Репарирани осовини на пумпи во П.С. Мургашево и Граиште
-Набавка на пумпа за водовод Слепче
-Набавка на пумпа за водовод Прибилци
- Набавка на хлоринатор за водоводен систем Демир Хисар
- Набавка на хлоринатор за водовод Прибилци
- Целосна репарација на нож за чистење на снег
- Мини ремонт на трактор
-Набавка на нови гуми за катерпилар, голф, Рено пикап и камион Ивеко
- Изработка на техничка документација за Реконструкција на пумпни постројки на бунари и препумпна станица

Покрај реализацијата на основната дејност на ЈКП Комуналец Демир Хисар во 2013 година во рамките на Понудите и сопствените реални можности во соработка со Локалната Самоуправа и Градоначалникот ги изврши и следните активности :

- Монтажа на фасонски делови за реконструкција на водоводна мрежа на дел од улици 1 ви Мај , Партизанска и 29ти Ноември Демир Хисар
- Чистење и уредување на диви депонии Белче, Прибилци и Загориче
- Дислокација на водоводна мрежа и високонапонски кабел поради изградба на зграда за социјални станови
-Чистење на канал за атмосферски води Ново Село
- Уредување на земјен пат за манастир Св Тома
- Уредување на клизиштен а локален пат за Смилево
- Крпење на ударни дупки на локален пат за Мренога и Вирово
- Реконструкција на секундарна водоводна мрежа во Здраствен дом Д. Хисар
- Реконструкција на водоводна мрежа во ДООЕЛ Пашоски Д. Хисар
- и други помали активности од рамките на нашиот делокруг

**Јануари, 2014 год.**
**Демир Хисар**

**Изработува:**
**ЈКП ,, Комуналец,,**
**Демир Хисар**

ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
"КОМУНАЛЕЦ"
бр. 0201-33/4
26.02.2014 год.
Демир Хисар

Врз основа на член 14, став 4 од Статутот на ЈКП Комуналец Демир Хисар, Управниот Одбор на ЈКП Комуналец на Седницата одржана на ден 26.02.2014 година, разгледувајќи го Извештајот за работа на ЈКП Комуналец Демир Хисар од 2013 година , ја донесе следната :

# О Д Л У К А

## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТА НА ЈКП КОМУНАЛЕЦ ЗА 2013 ГОДИНА

Член 1

Се утврдува Извештајот за работа на ЈКП Комуналец Демир Хисар за 2013 година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Извештајот за работа со сите негови придружни акти.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави на Огласната табла во ЈКП Комуналец Демир Хисар.

бр. 0201-33/4
26.02. 2014 год.
Демир Хисар

**Претседател на Управен Одбор**
**на ЈКП Комуналец Д. Хисар**

**/ Александар Макаријоски /**